Уп. бр. 08-146

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и („Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о. со седиште на Шландрова улица 2, 1231 Љубљана-Чрнуче, Словенија, доставено преку Дејан Кнезовиќ, Адвокат од Адвокатско друштво Кнезовиќ и Соработници од Скопје, на седницата одржана на ден 20.11.2024 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о. со седиште на Шландрова улица 2, 1231 Љубљана-Чрнуче, Словенија ќе стекне контрола над веб платформа со назив DoberAvto.si во сопственост на АМЗС друштво за вршење на услуги во обласста на мобилноста д.о.о, со седиште на Дунајска цеста 128А, 1000 Љубљана, Словенија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 30.10.2024 до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о. со седиште на Шландрова улица 2, 1231 Љубљана-Чрнуче, Словенија, со која НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о. ќе стекне контрола над веб платформа со назив DoberAvto.si во сопственост на АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о, со седиште на Дунајска цеста 128А, 1000 Љубљана, Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**-НЛБ КарИГоу управување со интермет платформи д.о.о.** е регистриран на 21.10.2024 година како друштво за посебна намена за целите на Трансакцијата. Регистрираната дејност на подносителот е работење со интернет платформи.

НЛБ КарИГоу управување со интернет платформи д.о.о. е НЛБ Чеасе&Го, лизинг д.о.о. Љубљана, Словенија и е дел од НЛБ Групацијата.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

-НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,

-Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје и со приоритетна дејност финансиски лизинг, и

-Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови НЛБ Фондови АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје и со приоритетна дејност-дејности на управување со фондови.

**-АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о** е главен давател на услуги што им ги дава на своите членови Автомобилскиот сојуз н Словенија. Основната дејност на друштвото е давање услуги за членовите на АМЗС и други возачи и, во помала мера, продажба на стоки. Најважни се следните услиги: технички прегледи, осигурување на автомобили, услуги за регистрација на возила, обезбедување помош на пат, превоз на возила, механички, вулканизерски услуги и други технички услуги, спроведување на програми за безбедно возење и законски пропишана обука за возачите, други здравствени активности, издавање на простории и продажба на неопходни работи за возачите и нивните возила.

АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о е поврзано лице на Автомобилскиот сојуз на Словенија.

Веб платформа со назив DoberAvto.si е активна само во Република Словенија.

АМЗС друштво за вршење на услуги во областа на мобилноста д.о.о нема поврзани субјекти регистрирани во Република Северна Македонија ниту има остварено промет во 2023 година на пазарот во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на

негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**